*Стјепан АНТОЉАК*

# САМОИЛОВАТА ДРЖАВА

## 1.

ДЕНЕШНА НАША МАКЕДОНИЈА, која стана центар на Самоиловата држава, од II половина на 9 век до 969 година се наоѓаше во рамките на бугарската држава.

Истата оваа година, значи, (969) т.е. пред цели 1000 години, по смртта на царот Петар (927—969), синот на Симеон, четворицата браќа Давид, Мојсие, Арон и Самоил, синовите на еден од моќните комити (кнезови) во Бугарија се дигнаа против тамошната централна власт. Тие толку напредувале во своите акции што, како што пишува Иван Скилица, синовите на Петар, кои како гаранција на мирот своевремено татко им ги пратил во Цариград како заложници, биле испратени да го сочуваат родителскиот престол и да ги запрат овие комити во нивното натамошно напредување.

Тоа значи дека синовите на Петар како византиски штитеници ја имале поддршката на византискиот двор да ја сочуваат единствената бугарска држава која, како што вели Скилица, била вознемирувана од четворицата браќа кои се обидувале да се отцепат од неа.

Тогај овие комити со своите планови постигнале целосен успех, при што спомогнало и провалата на рускиот кнез Свјатослав во Бугарија и зафатеноста на византиската војска на Исток.

Непосредно по доаѓањето на византискиот престол на Иван I Цимиск (969—976), претставителот на едно ерменско благородничко семејство, ситуацијата и на Балканот и во Мала Азија почнала да се подобрува во корист на Цариград.

Па сепак ни со ова со ништо не се изменил постигнатиот територијално-политички успех на четворицата браќа — комитопули кои останале исцело неутрални во време на решавачката гигантска борба помеѓу Свјатислав и Цимиск не само за Балканот туку и за Цариград.

Инаку и денес во науката непотребно се води препирка околу прашањето за потеклото на Самоиловиот татко и на неговите браќа, иако постојат ориенталски (источни) извори кои изрично и сосема јасно зборуваат за тоа. Имено ерменскиот историчар Асохих, современик на Самоила и на Василие II, откако проверил на теренот, утврдил дека Самоил и неговиот брат се од ерменско потекло.

Дека е така се потврдува и со името на нивната мајка Рипсимија кое е чисто ерменско, а и името на таткото Никола во овој случај не морало да биде токму бугарско, бидејќи тоа е популарно и кај Калкедонските Ерменци. Со имињата пак Самоил, Давид, Мојсие и Арон, кои се поправо библиски имиња во Ерменија, така се викале патријарсите, кнезовите, свештениците, аскетите, философите итн.

Наспроти тоа и денешната најнова бугарска историографија како и постарата останува на тврдењата дека Никола и неговите синови се од бугарско и дури од царско потекло, што е секако во спротивност со современите извори.

И додека синовите на Никола, популарно викани комитопули, во време на оние Свјатославови воени операции во Бугарија, останале слободни и непобедени, овој руски кнез успеал да го освои В. Преслав и да го зароби брат му Роман и царот Борис II (969—971), кој во 969 година бил признат за владетел на Бугарите.

Но военољубивиот Цимиск, кој сега ставил сè на коцка, во пролетта 971 влегува во Бугарија, го зазема В. Преслав, бугарската престолнина, откаде го ослободува од руското заробеништво Бориса со неговото семејство и го испраќа во Цариград. Веднаш потоа успева да го присили на капитулација и Свјатослав, кој набргу ја напушта Бугарија и наоѓа смрт во борбата со Печенезите.

Сега Цимиск ја потчинува Бугарија како провинција на Византија, а во Цариград овој владетел го прославува триумфот, го трга од царската власт Бориса и со одликувања го задржува во својата престолнина.

Кога Византија ја зазема и Рашка (971), јасно е, иако тоа не го говорат изворите, дека и синовите на Никола морале да ја признаат власта на својот сонародник Цимиск, кој за целото време на своето владеење не се мешал во самостојноста на нивната територија и дури ги фаворизирал.

Во врска со тоа може да се разбере и пратеништвото што го сочинувале двајца првенци „Бугари". Тоа стигнало во 973 год. во Кведлинбург кај германскиот цар Отон I. Од сето би можело да се претпостави дека тоа биле претставници на комитопулите, бидејќи царот Борис II со кастрираниот брат Роман бил конфиниран во Цариград. Овие пратеници секако ваму дошле со знаење и дозвола на Цимиск кој со наклоност гледал на синовите на Никола.

Што барале таму, не е познато, а би можело да се претпостави дека овие „првенци“, како што ги викаат современите германски анали, биле Самоил и еден од неговите браќа.

## 2.

Што се случувало по 973 до 976 год. со комитопулите, изворите не зборуваат ништо. Истовремено во 976 до Скилица се дознава дека „државата на Бугарите“ се побунила штом се дознало дека Цимиск умрел (10. I. 976), па „Бугарите“ својата власт им ја предале на четворицата браќа Давид, Мојсие, Арон и Самоил.

Со тоа поточно „Бугарите“ ги одбрале за свои вистински владетели. Тоа значело дека на четворицата браќа им била предадена власта над „цела Бугарија“ која во 976 год. се ослободила од византискиот јарем.

Таквиот систем на заедничко владеење на четворицата се вика тетрархија, што за она време кај Јужните Словени не е никаква необична појава.

Но споменатата тетрархија на комитопулите токму во 976 година била загрозена од синовите на Петар, Борис II и Роман, кои кришум успеале да побегнат од Цариград во Бугарија. Само Борис поради незнаење и невнимание наскоро бил убиен од некој Бугарин, а Роман успеал жив да се извлече и нешто подоцна присилно морал да се врати во византиската престолнина.

Така од Петровиот род живи останале само Роман Симеон, најмладиот негов син, кој поминал на страната од комитопулите, и кастрираниот Роман, кои на таков начин биле безопасни за новите владетели — комитопулите.

Но овие тетрарси набргу Давид и Мојсие, додека Самоил го ликвидирал Арона со целото семејство, како што пишува Скилица, освен Иван Владислав, кој бил спасен од Самоиловиот син Гаврил Радомир. По сè изгледа дека на Арона му бил одземен животот, бидејќи сакал да ја пиграби целата власт и затоа што шурувал со Византија.

Така престанала да се одржува тетрархијата на комитопулите која траела од 969 до 976 год. и тогаш Самоил станува „монарх на цела Бугарија“, како што пишува Скилица.

## 3.

И така власта над Бугарија поминува на Самоила (Зонара), кој почнал да се „нарекува цар“ (Поп Дукљанин).

Иако овој нов владетел ниеден византиски извор освен Никифор Бриениј, мажот на Ана Комнена, (овој го вика „цар на Буга-

рите“), без исклучок не го титулира како цар, тоа не се однесува и за западните извори. Но само современите западни писатели (Адемар, Лупус Протоспатариус) му ја даваат титулата „rex“, т.е. крал, додека ориенталскиот писател Јахја го вика „цар“.

Секако Самоил, сметајќи се за наследник на претходните бугарски цареви, имал право на царска титула, која сакале нејќеле морале да му ја признаат и византиските писатели.

Токму во 976 год. Василие II и Констатин VIII, синовите на царот Роман II, станале полнолетни. Кога ја презел сега власта нешто постариот Василие II, против него се дигнал зет му на Иван Цимиск, Варда Склир во Мала Азија. Овие борби за престолот ги искористил Самоил тој „генијален војсководач“, како што го нарекува Кекавмен. Тој го нападнал цел Запад и тоа не само Тракија и Македонија, туку и подрачјата околу Солун, Тесалија, Елада и Пелопонез (Скилица).

Во времето на ова навлегување во срцето на стара Грција, Самоил по подолго подзастанување ја зазел многу важната тврдина Лариса, чии поробени жители присилно ги преселил во внатрешноста на Бугарија и ги внел во своите воени списоци како свои војници. Истовремено моштите на св. Ахил, некогашниот епископ на овој град, ги пренел во Преспа, каде што била неговата перманентна престолнина со царските дворци и тука изградил прекрасна голема црква, посветена на овој светец (М. Деволски).

По заземањето на Лариса, Самоил победоносно ја завршил првата рунда потчинувањето на „западните“ византиски покраини.

Василие II со големо внимание ги следел овие Самоилови пробиви и успеси. Кога пак на лукав начин успеал да го оневозможи противникот на царот, Склер, кој се засолнил на дворот од багдадскиот калиф (979), тој почнал да се подготвува колку што е можно поуспешно да ја нападне државата на Самоила и за сето она што го направил да му се одмазди. Со еден збор, според Скилица, бил обземен со грижата и настојувањето да го потчини „народот на Бугарите“.

Но овој владетел, раководен повеќе од страсти и чувства отколку од разумот, навлегол во Бугарија без претходно да се посоветува со своите војсководачи. Залогорувајќи се близу Софија, напразно започнал да ја опседнува. Во меѓувреме Самоил со својата војска ги опседнал врвовите на околните брда и го следел секое движење на разбеснетата византиска армија. Иако одделни византиски писатели настојуваат да прикажат дека Василие поради снемување на храна издал наредба за повлекување на својата војска накај Цариград, сепак од други современи извори очигледно е јасно дека тој претрпел пораз кај Трајановите врати (17. VIII. 986) и едвам се извлекол жив. Тогај неговиот победник го зазел целиот византиски логор со царскиот шатор, благајната и знамињата. Според тоа поразот бил страотен и во врска со тоа не треба да се

чуди што Василие, како што пишува Асохих, преку своето пратеништво се обидел да склучи мир со Самоила, до што сепак не дошло.

Во подолгиот период по 986 год., кога Византија и Василие, поради повторната граѓанска војна и борбите околу престолот на Исток не можеле ни да мислат на реванш, Самоил непречено продолжува со ширењето на својата власт. Така првин ја победил Дукља и нејзиниот владетел Иван Владимир го заробил и го затворил во својата престолнина Преспа. Но кога тука се загледала во Владимира ќерката на Самоил, Косара, царот се согласува со нивната женидба и го враќа својот зет повторно во Дукља, подарувајќи му го при тоа и целото драчко приморје. На овој начин се здобил со верен и предан вазал кого го чувал за целото време на своето владеење.

По паѓањето на Дукља Самоил не успеал да го заземе уште Улцињ, но затоа ја запалил и опљачкал цела Далмација, а меѓу нејзините градови особено Котор и Дубровник, стигнувајќи до ѕидиштата на Задар. Оттука на враќањето поминува преку Босна и Рашка и страотно ги опустува и се враќа полн со плен во својата Преспа (Поп Дукљанин). Овој незапирлив пробив до Задар се случил пред 992 год., а вистинските причини за ваквото упаѓање не се познати и само можат да се нагаѓаат. По ваквата негова воена експедиција може да се рече дека оттогаш власта на Самоила покрај Дукља ја признавала и Травунија, Захумле, Босна и Рашка (Србија), додека дел од Далмација и Хрватска не, што го потврдуваат современите податоци и подоцнежниот извор — писателот Тома Архиѓакон.

Во годината пак кога Василие се ослободил од сите противкандидати за царскиот престол, енергичниот Самоил го зазема Бер(Верија) и од сите страни го вклештува Солун, кому византискиот цар дојдувајќи лично таму му го поставува за дук ерменскиот принц Георги Таронита со задача да ги спречи агресивните Самоилови „Мизани", како што ги вика еден византиски извор.

Но сега веќе Василие II и лично повторно ја засилува својата активност и од 991—995 год. војува против „Бугарите" и, според Јахја, при таа прилика го заробил нивниот цар, кого го вратил во затвор од каде овој побегнал. Секако ова се однесува за исфрлениот Роман кого Бугарите го примиле за цар. Но затоа овој никогаш не бил прогласен и крунисан за цар, но можел да се нарекува и да се смета за цар, додека најмалиот брат оној Скиличин Роман наречен по дедо му Симеон, живеел во Скопје како управител, поставен од Самоила.

Според тоа „царот" Роман е личност за себе, а Роман-Симеон исто строго одделена личност од првата.

И додека Роман своето име го присвоил од дедо му по мајка Роман Лакапен, најмладиот пак имал име според дедото и од

страна на мајката и од таткото. Додека во наведениот период Василие војувал во Бугарија, на бојното поле до него стигнале српски пратеници да бараат помоќ. Тоа не биле пратеници од Владимир туку или од Рашка (Србија) или дури, што е помалку веројатно, од Захумле.

## 4.

Во 995 година по грижливо извршените воени подготовки, Самоил се упатува во нова офанзива против Солун. При оваа прилика успеал да го зароби Ашот, синот на Георги Таронит, кој во судирот со Самоиловите чети и сам храбро загинал.

Кога Василие дознал за поразот и смртта на својот дук (војвода), го испраќа во Солун врховниот заповедник од Запад магистерот Никифор Уран. Тој ненадејно во ноќта ја нападнал Самоиловата војска кај надојдената река Сперхеа и страотно ја поразил, додека тешко ранетиот Самоил и неговиот син Гаврил Радомир едвам се спасиле со бегство во „Бугарија“, т.е. во Македонија.

По овој пораз Самоил, според Јахја, отпочнал преговори со Василие, на кого му ветувал послушност. Но кога дознал дека „царот“ Роман умрел во затворот, тој сам се прогласил за цар и така се растуриле сите овие преговори кои веќе биле приведени кон својот успешен крај.

Иако сега Уран по налогот на својот владетел навлегол во Самоиловата држава, тој сепак не успеал да го ослаби Самоила ни територијално а ни во војничкиот потенцијал. Дури и Самоил во тоа време имал и во Солун и во Адрианополис (Одрин) свои привзаници меѓу истакнатите византиски воени заповедници, чиј заговор поради решителните мерки од страна на Византија набргу бил ликвидиран.

Овие заговори укажуваат како на клучните точки на византиското царство власта на Василие била лабилна.

Во меѓувреме Самоил се крунисал со круната што му ја испратил папата Григур V (996—999) — и тоа по сè изгледа во Преспа — во присуство на папските пратеници, на тамошниот архиепископ, благородништвото, свештенството и народот. Дека папата му ја испратил круната, сведочи кореспонденцијата помеѓу папата Инокентие III (1198—1216) и бугарскиот цар Иван Калојан (1197—1207). Со каква круна бил крунисан, може да се заклучи од оној наод на Василие II во некогашното Самоилово царско сокровиште во Охрид. Оваа круна била во вид на тесна лента над која се издигнала полутопка, украсена со бисери и скапоцени камења (στέμμα) значи права царска круна.

Секако со ова крунисување Самоиловата држава добила меѓународен карактер и признание.

При ова крунисување веројатно, на предлог од Самоил, од папата е потврден за прв архиепископ на Самоиловата држава и Герман наречен Гаврил, кој имал свое седиште како и неговиот цар — во Преспа. Само малку подоцна Германовиот наследник Филип ја преместува својата престолнина, со дозвола на Самоил, од Преспа во недалечниот град Охрид, каде често навраќал св. Климент.

Ова потврдување на „архиепископ на Бугарија", како што се викал овој тогаш, од страна на папската курија не било ништо необично, бидејќи Рим тоа го правел и во време на Бориса и во време на Петар.

Со овој двоен акт Самоил постигнал и политичко и црковно единство на својата држава која така добила меѓународно значење и положба.

По оној прекин на преговорите Василие II и неговите војсководачи повторно навлегуваат во Самоиловото царство и оваа борба за освојување на оваа територија продолжува ред години со доста пасивно држење на самиот Самоил. Василие прво го извршил својот освојувачки план на југ од Солун, а во 1002 год. го зазема Видин, наспроти Самоиловиот контранапад на Адрианопол.

Конечно двајцата владетели се наоѓаат лице в лице кај Скопје на брегот на Вардар. При тоа слично како и Уран Василие на спиење го изненадува Самоила и неговата војска, која побегнала со својот владетел без да изрази и најмал отпор, оставајќи го како плен целиот логор и шаторот на Самоила.

По ваквиот пораз тогашниот Самоилов заповедник на Скопје, Роман, наречен Симеон, му го предава овој град на Василие и тој го наградува со титулата патрициј и стратег во Абидос.

Со овој акт царот Василие го изврши претпоследниот дел од својот воен план и се врати во Цариград и оттогаш за Самоила отпочнува тежок период на постојана дефанзива, бидејќи византиската војска од 1002 година секоја година упаѓа во Бугарија, ја опустошува и уништува (Иван Скилица).

Конечно, настапи и 1014 година што ја реши судбината на Самоил и на неговата држава.

Со нов силен напад Василие стигна до клисурата Кимбалонга и Клидион, каде Самоиловата војска му дава силен отпор. Но веќе на 29. VII. 1014 г., откако еден дел од византиската војска ја заобиколи планината Беласица, што се наоѓа спроти Клидион, таму дојде до крваво судрување, во кое чудоневидените Самоилови војници беа наполно поразени. И додека Самоил, благодарејќи на помошта од својот син Гаврил Радомир, се спаси со бегство и се движеше кон Прилеп, Василие на самото бојиште нареди на заробените Самоилови војници, што беа околу 15 000, да им се извадат очите, а на чело на секоја стотина од овие бедници да се стави по

еден со едно око. И така сите овие вака предводени, овој цар оттогаш наречен „βουλγαροκτόνος“ (Бугароубиец) ги прати во Прилеп кај Самоил, кој кога ги виде така осакатени, падна во несвест и по два дена умре од срцев удар или како што вели Манасие, писател од 12 век, „од јада умрет“ (6. X. 1014).

## 5.

Но со тоа не дојде крајот на оваа држава што ја опфаќаше цела Македонија (освен Солун), цела Тесалија, Епир, Албанија, Дукља, Травуња, Захумле, Неретванската област (без островите) до Цетина, Рашка и Босна како и поголем дел од Бугарија.

Секако границите на оваа држава не можат да се одредат, како што се мислеше досега, со оние три т.н. сигилиони (повелби) од Василие II во полза на охридската архиепископија. Нив ги фалсифицирал византискиот цар Михајло VIII Палеолог (1259—1282) и ги ставил во својата хрисовула. Со тој фалсификат имаше намера да ја уништи самостојноста на српската и бугарската црква и да ги потчини на охридската, но не успеа во својата намера на прочуениот лионски синод (1274).

Инаку речиси сите византиски писатели територијата на Самоиловото царство ја наречуваат „Бугарија“, во чиј состав била и Македонија, а нејзините жители „Бугари“.

Но токму кога овие византиски писатели од Самоиловото и од времето на Василие II говорат за Бугарија, тие одделно од оваа земја пишуваат и за Македонија како и за Македонците.

Треба да се подвлече дека нема ниеден податок дека Македонците себеси се нарекувале Бугари. Спротивно на нив византиските писатели ги викале „Македонци“ за разлика од Бугарите, што индиректно би можело да значи дека и тие себеси во тоа време така се наречувале.

И инаку во Самоиловата држава најбројни биле Македонците (македонски Словени), потоа доаѓаат Словените во Грција, па Бугарите, Србите, Хрватите и на крај Ромеите, Албанците, Власите, Романите, Турците Вардариоти и Ерменците.

На чело на оваа држава стоел Самоил „цар на Бугарија“ или „цар на Бугарите“ и неговата титула нема никакви врски со онаа Бугарија и со царството на Симеон и Петар.

Самоиловата словенска монархија е создадена на територијата на некогашните македонски Словени, која на тој начин стана фокус на Самоиловата држава и царство. Во неа како постојана престолнина беше Преспа а потоа и неколку подвижни како што се: Охрид, Прилеп, Битола, Сетина итн.

Во негово време е основана и т.н. охридска архиепископија, која во изворите од тоа време никогаш не се вика патријаршија.

Овој „архиепископ бугарски", што го избра Самоил, не го признаваше ниту византискиот двор, ниту цариградскиот патријарх, само единствено папската курија, а под негова надлежност спаѓале сите епископии што биле во рамките на Самоиловото царство.

И додека за политичките прилики во времето на Самоил има доста податоци, дотогаш изворите за општествено економската положба како и за уредувањето на оваа држава се и премногу скудни.

Мнозинството од селаните како што се претпоставува во Самоиловата држава биле слободни, а бројот на зависните селани бил ограничен. Зависните селани се состоеле од парици и клирици. Првите работеле и на световните и на црковните имоти, а вторите само на црковните и стоеле подобро од првите.

Селаните плаќале државни дажбини, а постоеле и робови. Жителите на утврдените градови се викале „καστρήνοι" или „кастрини". Но населението живеело и по селата и во селски општини, утврдени места и во тврдини. Болјарите биле цивилни и воени феудалци, а особено повластена положба имале црковните великодостојници на чело со охридскиот архиепископ. Во Самоиловата држава парите биле византиски, во неа горе долу било развиено земјоделството, трговијата и занаетчиството.

Војската ја сочинувале слободните и зависните селани како и жителите на населените градови, а на чело на таа армија стоел царот Самоил како врховен заповедник. Вооружувањето било слично на византиското. Војската се состоела од пешадија и коњица а морнарица немало.

Во оваа голема држава имало разновидни населби (вистински градови, утврдени места, тврдини) на чие чело стоеле заповедници со разни називи.

Сите тие со болјарите го сочинувале царскиот воено-административен апарат. Самоил имал и своја царска канцеларија во која издавал повелби. Не е познато дали се одржувани собири како и дали во тоа време во Самоиловата држава било раширено богомилството.

Но секако била развиена црковната книжевност и постоеле препишувачки училишта (скриптории).

Била развиена и градежната уметност како и сликарството (фрески).

И денес е гатанка каде е погребан Самоил: дали во Преспа или во Прилеп. На тоа ќе можат да одговорат единствено новите археолошки наоѓалишта. Секако може да се каже оти Самоиловата трагична смрт значела и почеток на крајот на неговата држава, што конечно ја ликвидирал во 1018 год. „βουλγαροκτόνος" Василие II.

## ЛИТЕРАТУРА

1. С. Антољак, Miscellanea mediaevalia jugoslavica, IV Македоника: „Која година Самоил со браќата кренал востание во Македонија". и „Дали исправите (документите) на Пенча и на син му Плес се навистина обични фалсификати?" Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје 20 (Скопје 1968) 153—184.

2. Од истиот, Самоиловата држава, Скопје 1969 (книга во печат).

3. Од истиот, Историја на македонскиот народ, I Скопје 1969.